# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 52** **Год. LX** **Четврток, 5 август 2004** **Цена на овој број е 300 денари**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1083. | **Закон** за дополнување на Законот за локалните избори.................................... | 2 |
| 1084. | **Одлука** за распределба на средства за изградба на водоводи и третман на отпадни води во Република Македонија во 2004 година.............................. | 2 |
| 1085. | **Одлука** за пренесување право на користење................................................. | 5 |
| 1086. | **Одлука** за пренесување на правото на користење на дел од недвижен имот... | 6 |
| 1087. | **Одлука** за пренесување на правото на сопственост на градежно неизградено земјиште............................................... | 6 |
| 1088. | **Одлука** за давање помош на Република Грција во врска со организацијата на Летните Олимписки Игри во Атина 2004 година..................................... | 6 |
| 1089. | **Решение** за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Австрија, со седиште во Инсбрук................................................ | 7 |
| 1090. | **Решение** за именување на командантите и началници на подрачните штабови за цивилна заштита.......................... | 7 |
| 1091. | **Решение** за именување претседател и членови на Управниот комитет за имплементација на стратегијата и акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија........................................... | 9 |
| 1092. | **Решение** за разрешување и именување член на Работната група за децентрализација на власта.......................... | 9 |
| 1093. | **Решение** за разрешување од функцијата директор на Казнено-поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес................................................ | 9 |
| 1094. | **Решение** за именување директор на Казнено-поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес............. | 9 |
| 1095. | **Решение** за разрешување од функцијата директор на Затворот во Штип со Отворено одделение во Струмица....... | 10 |
| 1096. | **Решение** за именување директор на Затворот во Штип со Отворено одделение во Струмица.............................. | 10 |
| 1097. | **Решение** за разрешување од функцијата директор на Управата за извршување на санкциите................................ | 10 |
| 1098. | **Решение** за именување директор на Управата за извршување на санкциите.. | 10 |
| 1099. | **Решение** за престанок на функцијата нотар...................................................... | 10 |
| | **Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец јули 2004 година............................ | 10 |
| | **Огласен дел**........................................... | 1-84 |

**1083.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за локалните избори,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 август 2004 година.

Бр. 07-3356/1
3 август 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

Член 1

Во Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" број 46/96, 12/2003 и 35/2004), во Главата XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, по членот 75 се додава нов член 75-а, кој гласи:

"Член 75-а

Првите наредни локални избори за членови на совети и градоначалници ќе се одржат во ден недела во третата седмица во месец ноември 2004 година."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J I
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZGJEDHJE LOKALE

Neni 1

Në Ligjin për zgjedhje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 46/1996, 12/2003 dhe 35/2004), në Kapitullin XII. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE”, pas nenit 75 shtohet nen i ri 75-a si vijon:

“Neni 75-a

Zgjedhjet e para të ardhshme lokale për anëtarë të këshillave dhe prefektë do të mbahen ditën e diel në javën e tretë në muajin nëntor 2004”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**1084.**

Врз основа на член 34, став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година ("Службен весник на РМ" број 85/2003) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" број 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.07.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2004 ГОДИНА

1. Од средствата во Буџетот на Република Македонија за 2004 година, утврдени во Раздел 130.01, Програма 11, ставка 472, потставка 472112-Трансфери до единиците на локалната самоуправа за водоснабдување, во износ од 150.000.000,00 денари, за изградба на водоводи и третман на отпадни води во единиците на локалната самоуправа се распределуваат 150.000.000,00 денари за:

| | | |
|---|---|---|
| **ОПШТИНА БЕРОВО** | | 4000000.00 |
| -За изградба на фекална канализација во населба "Којова Ливада" | 4000000.00 | |
| **ОПШТИНА ПЕХЧЕВО** | | 2500000.00 |
| -За доградба на резервоар за водоснабдување на населените места Пехчево, Негрево, Чифлик, Умлена и Робово | 2500000.00 | |
| **ОПШТИНА БИТОЛА** | | 7200000.00 |
| -За изградба на фекална канализација во населено место Долно Оризари | 3000000.00 | |
| -За изградба на фекална канализација во Битола - секундарна канализациона мрежа за Главен колектор К 1 | 2700000.00 | |
| -За изградба на филтер станица за водоснабдување на населено место Дихово | 1500000.00 | |
| **ОПШТИНА БИСТРИЦА** | | 1000000.00 |
| -За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Кравари | 1000000.00 | |
| **ОПШТИНА ГРАДСКО** | | 500000.00 |
| -За доградба на водоснабдителен систем с. Градско | 500000.00 | |
| **ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД** | | 2400000.00 |
| -За реконструкција на постоен резервоар за водоснабдување на населено место Македонски Брод | 2400000.00 | |

**ОПШТИНА САМОКОВ** 800000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Брест 800000.00

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО** 3500000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Јосифово 2500000.00
-За изградба на фекална канализација во населено место с. Пирава 1000000.00

**ОПШТИНА ВИНИЦА** 800000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Градец 800000.00

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА** 5900000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Негорци 3000000.00
-За изградба на фекална канализација во населено место УЕ „Караорман“/ 9-та УЕ 1000000.00
-За изградба на водовод за водоснабдување на дел од УЕ "Караорман" во населено место Гевгелија 1900000.00

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ** 3000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Богданци 2000000.00
За изградба на водоснабдителен систем во населено место Богданци 1000000.00

**ОПШТИНА ГОСТИВАР** 1100000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Балин Дол - Изградба на последна шахта на главен канализационен колектор и испуст на река Вардар 1100000.00

**ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ** 613000.00

-За изградба на резервоар за водоснабдување на населено место Топлица 613000.00

**ОПШТИНА РОСТУША** 3000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Скудриње 3000000.00

**ОПШТИНА МАВРОВИ АНОВИ** 1000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Леуново 1000000.00

**ОПШТИНА ЧЕГРАНЕ** 4500000.00

-За изградба на систем за водоснабдување на населените места Чегране и Форино 4500000.00

**ОПШТИНА ДЕБАР** 2450000.00

За изградба на водоснабди--телен систем с. Џепчиште и Отишани 2000000.00
-За изградба на водоводна линија на улица "Скопска" во населено место Дебар 450000.00

**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА** 1000000.00

-За изградба на резервоар за водоснабдување на населено место Новак 1000000.00

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР** 1500000.00

-За реконструкција на улична водоводна мрежа за водоснабдување на населено место Демир Хисар 1500000.00

**ОПШТИНА СОПОТНИЦА** 432399.00

-За реконструкција и санација на резервоар за водоснабдување на населено место Доленци 432399.00

**ОПШТИНА РОСОМАН** 2500000.00

-За реконструкција и санација на водоснабдителен систем за водоснабдување на населено место Паликура 2500000.00

**ОПШТИНА КИЧЕВО** 1600000.00

-За изградба на фекална канализација во централно градско подрачје во Кичево - населба "Подварош" 1600000.00

**ОПШТИНА ОСЛОМЕЈ** 15000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Србица 15000000.00

**ОПШТИНА КОЧАНИ** 1500000.00

-За изградба на водоснабдителен систем ц. Грдовци, с. Зрновци, с. Прибачево 1500000.00

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА** 500000.00

-За изградба на водоснабдителен систем с. Дворци-главен цевковод 500000.00

**ОПШТИНА КУМАНОВО** 6800000.00

-За изградба на фекална канализација на улица "Никола Вапцаров" во населено место Куманово 3800000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Четирце 3000000.00

**ОПШТИНА ЛИПКОВО** 10522579.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Слупчане 8000000.00

-За реконструкција на водовод за водоснабдување на населено место Отља 2522579.00

**ОПШТИНА КРУШЕВО** 400000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Борино 400000.00

**ОПШТИНА ПРИЛЕП** 2000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Волково 2000000.00

**ОПШТИНА ДОЛНЕНИ** 690000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Долгаец 690000.00

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП** 850000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Кундино 350000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Куково 500000.00

**ОПШТИНА ЗЛЕТОВО** 1000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Древено 1000000.00

**ОПШТИНА РАДОВИШ** 2400000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населба Дамјан 2400000.00

**ОПШТИНА КОНЧЕ** 200000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Гарван 200000.00

**ОПШТИНА ПОДАРЕШ** 2000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Покрајчево 2000000.00

**ОПШТИНА РЕСЕН** 2000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Ресен, УЕ 2 населба "Црквиште", од РШ 224 до РШ 227 2000000.00

**ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ** 670000.00

-За изградба на резервоар за водоснабдување на населено место Долно Ѓуганце 670000.00

**ОПШТИНА ЛОЗОВО** 2000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Дурфулија 2000000.00

**ОПШТИНА СТРУМИЦА** 5000000.00

-За изградба на резервоар "Чамл'к" за висока зона за водоснабдување на населено место Струмица 5000000.00

**ОПШТИНА НОВО СЕЛО** 1900000.00

За изградба на водоснабди-телен систем во с. Габрово-водоводна мрежа 1000000.00

-За изградба на бунар за водоснабдување на населено место Сушица 900000.00

**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО** 2500000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Доброшинци 2500000.00

**ОПШТИНА МУРТИНО** 3800000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населените места Муртино и Сачево 3800000.00

**ОПШТИНА СТРУГА** 1750000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Струга - Источно влезна - излезна сообраќајница 1750000.00

**ОПШТИНА ДЕЛОГОЖДИ** 1710000.00

-За изградба на резервоар за водоснабдување на населено место Делогожди 1710000.00

**ОПШТИНА ЛАБУНИШТА** 2000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Подгорци 2000000.00

**ОПШТИНА ТЕТОВО** 1186702.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Тетово - Бул. "Илинденска" (пресек со улица "Браќа Миладиновци" и улица "К.Р. Дрнц") 1186702.00

**ОПШТИНА ШИПКОВИЦА** 7000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Шипковица 7000000.00

**ОПШТИНА ЖЕЛИНО** 12000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Желино 12000000.00

**ОПШТИНА ВЕЛЕС** 1360000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Отовица 1360000.00

**ОПШТИНА ЧАШКА** 500000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Чашка 500000.00

**ОПШТИНА ШТИП** 1400000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Штип - место викано "Петлеково имање" 1400000.00

**ОПШТИНА КАРБИНЦИ** 1000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Карбинци - систем "Геризи" 1000000.00

**ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО** 2000000.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Зелениково 2000000.00

**ОПШТИНА КОНДОВО** 3065320.00

-За изградба на фекална канализација во населено место Кондово 3065320.00

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** 1000000.00

-За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Страчинци 1000000.00

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** 1000000.00

-За изградба на фекална канализација МЗ Дексион 1000000.00

**ВКУПНО:** 150000000.00

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се користат како учество на Републиката за изградба на водоводи и третманот на отпадните води за населените места во општините, без обврска за враќање.

3. Исплатата на средствата од точка 1 на оваа одлука ја врши Министерството за транспорт и врски, по претходно доставена и заверена документација за наменско користење на средствата од страна на единиците на локалната самоуправа, заклучно со 31.12.2004 година.

4. Исплатата на средствата по оваа одлука нема да се врши авансно.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2245/1
30 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1085.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.07.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ

Член 1

Владата на Република Македонија за потребите на Министерството за култура го пренесува правото на користење градежно земјиште што претставува КП бр. 40/1 КО Пелинце со површина од 122500 $м^2$ согласно Извод од Генерален урбанистички план бр. 16-Сл. од 20.07.2004 година од Министерството за транспорт и врски Подрачна единица Куманово, Услови за градба бр. 15 УП-463/2 од 28.06.2004 година и усвоен урбанистички проект со тех. бр. 2912/1 од 2004 година и Нумерички податоци бр. 08-2231/1 од 02.04.2004 година од Државен завод за геодетски работи Скопје без надоместок, за изградба на Меморијален центар “АСНОМ“ со придружни објекти во атарот на населено место Пелинце, општина Старо Нагоричане.

Член 2

Корисникот се обврзува да отпочне со градба на објектот во рок од 6 (шест) месеци по добивањето на одобрението за градење кое ќе го прибави во рок од 1 (една) година по објавувањето на оваа одлука во "Службен весник на Република Македонија".

Доколку корисникот не отпочне со градба во рокот од став 1 на овој член му престанува правото на користење.

Член 3

Корисникот од член 1 на оваа одлука нема право да го дава под закуп земјиштето од член 1 на оваа одлука ниту на било кој начин да го користи спротивно од утврдената намена за која се дава.

Член 4

Корисникот е должен правото стекнато со оваа одлука да го спроведе во Државниот завод за геодетски работи.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2917/1
30 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов**, с.р.

**1086.**

Врз основа на член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.07.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Правото на користење на дел од недвижен имот - површина од 120200 $м^2$, која се наоѓа во непосредна близина на Шуто Оризари лоцирана на К.П. 114, К.О. Визбегово, поточно неплодно земјиште кое се протега на површина од 12.000 $м^2$, сопственост на Република Македонија, доделено на користење на Министерството за одбрана, се пренесува на Министерството за труд и социјална политика, според нумерички податоци бр. 1122/2183.

Член 2

Примопредавањето на недвижниот имот опишан во член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2928/1
26 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов**, с.р.

**1087.**

Врз основа на член 15, став 4 од Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.07.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

На семејството на починатиот Претседател Борис Трајковски: г-ѓа Вилма Трајковска, Стефан Трајковски и Сара Трајковска им се пренесува правото на сопственост на градежно неизградено земјиште (без право на натамошно отуѓување), што претставува КП. бр. 2777/3 КО Центар II со површина од 1737 $м^2$ сопственост на Република Македонија, за изградба на семејна куќа.

Член 2

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за транспорт и врски.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2970/1
30 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1088.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), а во врска со член 19 точка 6 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.07.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ПОМОШ НА РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ВО ВРСКА СО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЛЕТНИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО АТИНА 2004 ГОДИНА

1. За давање помош на Република Грција во врска со организацијата на Летните Олимписки Игри во Атина 2004 година, Министерството за одбрана ќе стави на располагање стручни медицински тимови и средства и тоа:

- два тима од по двајца членови, експерти за инфективни болести;
- мобилен тим во состав од пет члена за детекција на хемиски, биолошки и радиолошки агенси и
- мобилен тим во состав од три члена за биолошка детекција.

2. Стручните медицински тимови од точка 1 на оваа одлука, ќе бидат подготвени за интервенција во Република Грција, за 24 часа, во текот на месеците август и септември 2004 година, доколку тоа биде побарано од страна на Република Грција.

3. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на стручните медицински тимови од точка 1 на оваа одлука, доколку дојде до нивно испраќање во Република Грција, ќе се обезбедат од страна на Министерството за одбрана.

4. По завршување на активностите за давање помош на Република Грција за време на Летните Олимписки Игри во Атина 2004 година, Министерството за одбрана ќе поднесе извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2974/1 Претседател на Владата
30 јули 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов**, с.р.

**1089.**

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ИНСБРУК

1. За почесен конзул на Република Македонија во Република Австрија, со седиште во Инсбрук се именува Вилхелм Ридер, австриски бизнисмен.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-47/1 Претседател на Владата
30 јули 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов,** с.р.

**1090.**

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), а во врска со член 17, став 1 и 2 од Уредбата за организирање, подготвување и употреба на силите на цивилната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА КОМАНДАНТИ И НАЧАЛНИЦИ НА ПОДРАЧНИТЕ ШТАБОВИ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

1. За команданти и началници на подрачните штабови за цивилна заштита се именуваат:

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Берово**

За командант на Штабот - Љупчо Вуксанов, раководител на Одделението за одбрана - Берово на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Јордан Гошевски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Берово.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Битола**

За командант на Штабот - Митре Костадиновски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Битола на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Костадин Поповски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Битола.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Валандово**

За командант на Штабот - Глигор Гребенаков, раководител на Одделението за одбрана - Валандово на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Владимир Николов, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Валандово.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Велес**

За командант на Штабот - Златко Костов, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Велес на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Стојан Стојановски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Велес.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Виница**

За командант на Штабот - Ќирил Цоневски, раководител на Одделението за одбрана - Виница на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Ефтим Петроски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Виница.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Гевгелија**

За командант на Штабот - Илија Карагошев, раководител на Одделението за одбрана - Гевгелија на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Миле Попов, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Гевгелија.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Делчево**

За командант на Штабот - Ѓоко Милковски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Делчево на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Љубен Ефтимовски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Делчево.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Демир Хисар**

За командант на Штабот - Менде Солунчевски, раководител на Одделението за одбрана - Демир Хисар на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Трајан Најдовски, самостоен референт во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана Демир Хисар.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Кавадарци**

За командант на Штабот - Борислав Боев, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Кавадарци на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Илија Трајков, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Кавадарци.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Кичево**

За командант на Штабот - Даут Селими, раководител на Одделението за одбрана - Кичево на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Гоце Богданоски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Кичево.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Кочани**

За командант на Штабот - Ангел Стојанов, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Кочани на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Аргир Аргиров, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Кочани.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Кратово**

За командант на Штабот - Боре Ангеловски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Кратово на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Јонче Димитровски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Кратово.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Крива Паланка**

За командант на Штабот - Блажо Ѓорѓиевски, раководител на Одделението за одбрана - Крива Паланка на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Слободан Ѓоргиевски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Крива Паланка.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Крушево**

За командант на Штабот - Шули Илиевски, раководител на Одделението за одбрана - Крушево на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Христо Кендра, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Крушево.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Македонски Брод**

За командант на Штабот - Раско Огненоски, раководител на Одделението за одбрана - Македонски Брод на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Јован Стојаноски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Македонски Брод.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Неготино**

За командант на Штабот - Ристо Огњанов, раководител на Одделението за одбрана - Неготино на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Миле Станиславовиќ, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Неготино.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Охрид**

За командант на Штабот - Славчо Радичевски, раководител на Одделението за одбрана - Охрид на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Љупчо Прескакулов, советник во Министерството за одбрана Одделение за одбрана - Охрид.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Прилеп**

За командант на Штабот - Тони Петрески, раководител на Одделението за одбрана - Прилеп на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Киро Христоски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Прилеп.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Пробиштип**

За командант на Штабот - Жико Петровски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Пробиштип на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Милан Харалампиев, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Пробиштип.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Радовиш**

За командант на Штабот - Драги Стојанов, раководител на Одделението за одбрана - Радовиш на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Коле Стефанов, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Радовиш.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Ресен**

За командант на Штабот - Бојан Ивановски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Ресен на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Васко Гелмановски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Ресен.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Свети Николе**

За командант на Штабот - Лазар Јакимовски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Свети Николе на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Ангел Паунов, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Свети Николе.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Струмица**

За командант на Штабот - Миле Ивановски, раководител на Одделението за одбрана - Струмица на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Марјан Даутов, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Струмица.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Тетово**

За командант на Штабот - Нуман Бафтиари, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Тетово на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Мирко Ристовски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Тетово.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Штип**

За командант на Штабот - Панде Сарев, раководител на Одделението за одбрана - Штип на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Тодорка Атанасовска, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Штип.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Гази Баба - Скопје**

За командант на Штабот - Драгомир Цветаноски, в.д. раководител на Одделението за одбрана - Гази Баба - Скопје на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Слободан Стојчевски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Гази Баба - Скопје.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Карпош - Скопје**

За командант на Штабот - Мирко Симоновски, раководител на Одделението за одбрана - Карпош - Скопје, на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Андреја Дојчиноски, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Карпош - Скопје.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Кисела Вода - Скопје**

За командант на Штабот - Васко Зимбовски, раководител на Одделението за одбрана - Кисела Вода - Скопје, на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Александар Михов, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Кисела Вода - Скопје.

**- Подрачен штаб за цивилна заштита - Центар - Скопје**

За командант на Штабот - Димче Димчев, раководител на Одделението за одбрана - Центар - Скопје, на Министерството за одбрана.

За началник на Штабот - Љупчо Настев, советник во Министерството за одбрана - Одделение за одбрана - Центар - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.23-1842/3 | Претседател на Владата |
| 26 јули 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов,** с.р. |

**1091.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003) и член 3 од Одлуката за образување на Управен комитет за имплементација на стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/2004), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ КОМИТЕТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА И АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ЗАШТИТА НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За претседател и членови на Управниот комитет за имплементација на Стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија се именуваат:

а) за претседател

- Љубомир Јанев, министер за животна средина и просторно планирање,

б) за членови

- д-р Димко Кокароски, заменик на министерот за финансии,
- Ракип Дочи, заменик на министерот за економија,
- Џеват Адеми, заменик на министерот за локална самоуправа,
- д-р Тале Герамитчиоски, заменик на министерот за образование и наука,
- Мелпомени Корнети, заменик на министерот за култура,
- Бесир Јашари, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Пандора Никушева, директор на Службата за животна средина,
- д-р Владо Матевски, претседател на Националниот комитет за биолошка разновидност,
- д-р Бранко Мицевски, член на Националниот комитет за биолошка разновидност,
- д-р Љупчо Меловски, член на Националниот комитет за биолошка разновидност,
- Менка Спировска, претседател на Управниот комитет на Проектот за изработка на Стратегијата за заштита на биолошката разновидност и Акционен план на Република Македонија,
- Душан Петрески, претседател на Стопанската комора на Македонија,
- Тони Јовановски, претседател на невладината организација "Движење на екологистите на Македонија ДЕМ".

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1738/3 Претседател на Владата
26 јули 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов**, с.р.

---

**1092.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), а во врска со спроведувањето на делот V од Оперативната програма за децентрализација на власта 2003-2004, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РАБОТНАТА ГРУПА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ВЛАСТА**

1. Милица Георгиева се разрешува од должноста член на Работната група за децентрализација на власта, поради заминување на друга должност, а за член на Работната група за децентрализација на власта се именува Димитар Димитровски, раководител на Правниот сектор во Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2425/4 Претседател на Владата
26 јули 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов**, с.р.

---

**1093.**

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97 и 23/99) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИОТ ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС**

1. Милутин Ангеловски се разрешува од функцијата директор на Казнено-поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2918/2 Претседател на Владата
26 јули 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов**, с.р.

---

**1094.**

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97 и 23/99) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИОТ ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС**

1. За директор на Казнено-поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес се именува Бранислав Радосављевиќ, дипл.правник, помошник во Министерството за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2919/2 Претседател на Владата
26 јули 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Хари Костов**, с.р.

**1095.**

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97 и 23/99) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА ЗАТВОРОТ ВО ШТИП СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО СТРУМИЦА**

1. Мавроди Карпичаров се разрешува од функцијата директор на Затворот во Штип со Отворено одделение во Струмица.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2920/2
26 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1096.**

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97 и 23/99) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАТВОРОТ ВО ШТИП СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО СТРУМИЦА**

1. За директор на Затворот во Штип со Отворено одделение во Струмица се именува Костадинчо Ефремов, дипл. правник од Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2921/2
26 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1097.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

1. Љупчо Беличев се разрешува од функцијата директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2922/2
26 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1098.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

1. За директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда се именува Виктор Цветковски, дипл. правник од Куманово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2923/2
26 јули 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1099.**

Врз основа на член 16 став (1) точка а) и став (2) од Законот за вршење на нотарски работи („Службен весник на РМ" бр. 59/96 и 25/98), а во врска со член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 58/2000 и 44/2002), министерот за правда на 09.07.2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА НОТАР**

Член 1

1. На лицето Ане Јовановски му престанува функцијата нотар поради смрт.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-2268/2
9 јули 2004 година
Скопје

Министер за правда,
**Иџет Мемети,** с.р.

---

**О Б Ј А В А**

Врз основа на член 40 и 44 од Законот за данокот од добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93 и 11/2001), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2004 ГОДИНА**

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-јули 2004 година во однос на просечните цени на мало во 2003 година изнесува 0,6%.

Директор,
**Катерина Костадинова Даскаловска,** с.р.

# АГЕНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА

**ПРЕГЛЕД НА АКЦИИ И УДЕЛИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПОНУДЕНИ ЗА ПРОДАЖБА ПО ПАТ НА ЈАВНА БЕРЗАНСКА АУКЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА 27.08.2004 ГОДИНА (ПЕТОК)**

**АКЦИИ**

| Р. Б. | Акционерско друштво | Место | Вредност на друштвото (ЕУР) | Капитал за продажба (ЕУР) | Учество на капиталот за продажба во вредноста на друштвото | Број на акции за продажба | Почетна продажна цена на една акција (ЕУР) | Дејност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Полимод | Прилеп | 411.118 | 4.147 | 1,01% | 811 | 0,51 | Производство на долна облека |
| 2 | Земјоделски комбинат | Кичево | 388.582 | 2.505 | 0,64% | 49 | 5,11 | Производство на овошје, јаткасти растенија и растенија за подготвување пијалоци и зачини |
| 3 | МЗТ ФОП | Скопје | 4.495.493 | 631.705 | 14,05% | 12.355 | 5,11 | Производство на делови и прибор за моторни возила и за нивните мотори |
| 4 | Таска | Кавадарци | 320.499 | 23.327 | 7,28% | 456 | 5,10 | Производство на какао, чоколади, бонбони и кондиторски производи |
| 5 | Прогрес | с. Славеј, Прилеп | 309.655 | 36.514 | 11,79% | 714 | 5,11 | Одгледување на житни растенија |
| 6 | Трготекстил – Заеднички служби | Скопје | 1.060.696 | 255.646 | 24,10% | 5.000 | 10,23 | Други деловни активности, неспомнати на друго место |

**УДЕЛИ**

| Р. Б. | Друштво со ограничена одговорност | Место | Вредност на друштвото (ЕУР) | Удел за продажба (ЕУР) | Учество на уделот за продажба во вредноста на друштвото | Почетна продажна цена на уделот (ЕУР) | Дејност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Градба | Штип | 44.311 | 6.456 | 14,57% | 1.291 | Подигање на згради (високоградба) |
| 2 | Агросервис | Битола | 3.474 | 1.726 | 49,67% | 345 | Продажба на мало на делови и прибори за моторни возила |
| 3 | Семос Енергетика | Скопје | 78.316 | 13.152 | 16,79% | 1.315 | Производство на електронски ламби и цевки и други електронски компоненти |
| 4 | Металпродукт | Скопје | 35.493 | 10.648 | 30,00% | 1.065 | Промет на стоки за широка потрошувачка |
| 5 | Бисер | Скопје | 62.528 | 594 | 0,95% | 59 | Завршни и занаетчиски работи во градежништвото |
| 6 | Југоелектро Комерц | Скопје | 256.652 | 106.883 | 41,64% | 10.688 | Трговија на големо и мало |
| 7 | Дамјан | Радовиш | 260.759 | 9.966 | 3,82% | 997 | Вадење на други руди и камен, неспомнати на друго место |

Непродадените акции и удели, под истите услови, ќе бидат и понатаму нудени за продажба на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност секој петок, се до донесување на нова одлука на Управниот одбор на Агенцијата за приватизација. Акциите и уделите ќе бидат понудени за плаќање во готово или со хартии од вредност издадени од Република Македонија.

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА Р

| Р.бр | Издание | Цена | Р.бр | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Закон за трговските друштва, со вовед (2004) | 800.00 | 9 | Устав н… (со сите … Р. Георг… |
| 2 | Закон за јавните набавки (2004) | 200.00 | | |

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**